**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Бр.11-342/7
од 09.05.2019 год.
Гевгелија

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по Архитектонско-Урбанистички проект за поделба на ГП 3 (КП 1472/14 и КП 1472/15) КО Негорци, општина Гевгелија

Архитектонско-Урбанистички проект за поделба на ГП 3 (КП 1472/14 и КП 1472/15) КО Негорци, општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија и јавната анкета ќе трае 5 работни дена односно од 15.05.2019 до 21.05.2019 година секој работен ден од 08 до 16 часот.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија на ден 15.05.2019 година (среда) во 11.00 часот.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на градежната парцела 3, односно во целост ги опфаќа КП 1472/14 и КП 1472/15.

Опфатот е со површина од 3.23 ха..

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да учествуваат на Јавната презентација и Јавната анкета, а во времетраењето на анкетата можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кое се наоѓаат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

.

Градоначалник
на општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk